Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 – 56/1
година
11-01-2023

Постапувајќи по претставка бр. 08-586/1 од 10.11.2022 поднесена од [redacted] вработени во [redacted] Битола, против директорката на [redacted] Битола [redacted] за сторена дискриминација во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020), на 10.10.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работа и работни односи од страна на директорката на [redacted] Битола [redacted] вработени во [redacted] Битола.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка заверена со архивски број 0801-586/1 од 10.11.2022 година од [redacted] вработени во [redacted] Битола, против директорката на [redacted] Битола [redacted] за сторена дискриминација врз основ на личен и општествен статус во областа на работа и работни односи.

Во поднесената претставка подносителите наведуваат дека се рехабилитатори и се вработени во [redacted] при [redacted] Битола. Наведуваат дека работните задачи ги извршуваат според наставен часовен систем кој отсекогаш бил компатабилен со работата на стручната служба-наставници и стручна служба- Рана групна едукација и рехабилитација во смисла на работното време. Во претставката е наведено дека [redacted] Битола е училиште со ресурен центар кој ги користи своите материјални и човечки ресурси и дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родители односно старатели и инклузивниот тим на други основни училишта. Подносителите на претставка се специјални едукатори и рехабилитатори, ја остваруваат воспитно образовната дејност во училиштето и работат со деца со посебни потреби. Тие не се стручни соработници туку рехабилитатори и се инкорпорирани во посебниот рехабилитационен третман на деца и ова е регулирано со Статутот на работодавачот во член 80 и член 53.

Подносителите на претставка, наведуваат дека на 01.09.2022 година директорката на [redacted] Битола, [redacted] со усна наредба им наредила на подносителите да работат според административно работно време од 07:00 до 15:00 часот,

иако не се административни работници, со образложение дека се стручни соработници. Во систематизацијата на [redacted] Битола според каталогот од МИОА со назив за работни места, стручните соработници се со назив Стручен соработник во основните училишта со ученици со посебни потреби под шифра ОБН 0302 Л03006, додека барателите се со назив Дефектолог во основно образование-ученички дом со шифра ОБН 0303 Л03003. Според подносителите нејзината усна наредба е израз на директна дискриминација, бидејќи во училиштето постои и оддел за групна рехабилитација кој се води под иста шифра како одделот за индивидуална рехабилитација, а на тие колеги не им го променува работното време. Тие и понатаму ги остварувале работните задачи до 11:00 часот. Подносителите на претставка на 12.09.2022 година одржале состанок на кој донеле Одлука за поднесување на барање писмено образложение на законската основа за промена на нивното работно време до Директорот на ресурен центар, но до поднесување на оваа претставка, немаат добиено никаков одговор по барањето. Тие немаат добиено ни решение за новото работно време, и покрај тоа доследно ја почитуваат нејзината усна наредба и со тоа ја покажуваат својата професионалност. Во претставката подносителите се обраќаат со барање за заштита на правата од работен однос.

На 29.11.2022, Комисијата, согласно член 24 став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување до директор на [redacted] Битола [redacted] со барање за писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 21.12.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на нашето барање за произнесување, заверено под архивски број 08-586/3. Во поднесениот одговор, е наведено дека, наводите истакнати во поднесената претставка до Комисијата се во целост неосновани, беспредметни и ирелевантни и дека во нејзиното работење наредба не издала. Директорката [redacted] известува дека основното училиште со ресурен центар ги користи своите материјални и човечки ресурси и дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родителите односно старатели и инклузивниот тим на други основни училишта. Подносителите на претставка се вработени во [redacted] но не се наставници и тие не се одделенски раководители. За разлика од нив во училиштето работат наставници во кој задачите на наставниците се определени во член 54 реализација на настава од став 1 до став 8 од Закон на наставници и стручни соработници всушност тоа се наставници во настава а подносителите на претставка се стручни соработници.

Согласно трансформацијата во [redacted] и реонизацијата со која [redacted] ги обслужува 84 училишта односно 18 општини, подносителите на претставка не се сменети, тие се стручни лица во стручната служба и согласно Законот за наставници и стручни соработници според систематизацијата се во основните и средните училишта член 49 кој гласи: "Работното време на стручниот соработник во основно училиште во текот на неделата изнесува 40 часа". Во известувањето е наведено дека нема различен третман по основ на индивидуална и групна рехабилитација, подносителите работат според Законски прописи и работните обврски според систематизација на работни места. Директорката напоменува и дека има наставници кои после часовите остануваат и работат во интерес на реализација на процесот во [redacted] освен на лицата ангажирани во настава кои реализираат часови(истите се со времетраење од 40

минути), останатите вработени психолози, педагози специјални едукатори, социјални работници имаат 40 часовно работно време. Работните обврски на вработените јасно се прецизирани и осигурани во член 79, став 1 од Законот за основно образование. Статусот, куќниот ред, систематизацијата, како и останатите акти и правилници се во фаза на преработка согласно инклузивната поддршка која ја обезбедуваат на 18 општини и 84 училишта.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледувањето на претставката, достапните докази, одговорот на претставката, утврди дека не можат да се најдат никакви факти и докази дека е извршена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус, во областа на работа и работни односи. За да стане збор за дискриминација потребно е да се исполни условот на споредлива ситуација во која едно лице е ставено во понеповолна положба или третман кој го има или би можело да го има друго лице во исти или слични услови врз некоја заштитна карактеристика, односно во конкретниот случај не постои нееднаков третман. Следствено, Комисијата не утврди никакво прекршување на право, кое резултирало со понеповолно, односно нееднакво постапување кон подносителите.

Имајќи го предвид горенаведеното Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација кој гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација по основ на лично својство и општествен статус во областа на работа и работни односи од страна на директорката на [redacted] Битола [redacted] спрема [redacted] вработени во [redacted] Битола. Доколку подносителите на претставка сметаат дека во објавената текстуална содржина има прекршување на правата од работен однос, Комисијата им препорачува да се обратат до надлежни институции.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Исмаил Камбери

Доставено до:
- Подносители на претставка
[redacted]
-Архива на КСЗД